Со цел да се подигне квалитет и озбилност на наши спортисти,Пливачка Федерација на Македонија,воспостави – **КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ,** или правила и упатство на однесување за сите активни учесници,натпреварувачи,поединци,клубови,тренери и други членови на Пливачка Федерација на Македонија.
Веруваме и се надеваме,со почитување на препорачани упатства и правила за однесување,ќе допринесе за имиџот на нашиот пливачки спорт,кој веќе е познат во светот,благодарение на успехот на наши истакнати врвни пливачи.

# КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ

## Пливачка Федерација на Македонија

1. Строго е забрането поседување и употреба на алкохол,цигари,наркотични средства и други забранети супстанци,од страна на спортисти или било кој друг член на екипа, репрезентација во тек на траење на одреден настап или активност.
2. Спортисти и членови на репрезентација се обврзани обавезно да присуствуваат на сите активности каде организатор е ПФМ, како што се: состаноци на репрезентација, тренинзи, кампови, заеднички собир, прес конференција, натпревари и сл., освен ако отсуството е дозволено и оправдано со согласност од Генерален Секретар, овластено лице од ПФМ задолжено за конкретната активност и Претседател на ПФМ.
3. Спортисти и членови на репрезентација се обврзани да почитуваат важечки правила и договори на ПФМ или МОК, обавезно користење официјална спортска опрема на сите активности во надлежност на Пливачка Федерација на Македонија или Македонски Олимписки Комитет.
   Важечки правила или договори, ќе бидат детално објаснети пред секој званичен собир на репрезентација.
4. Спортисти и членови на репрезентација се обврзани во секој момент, однос према тренери на репрезентација, официјални лица, судии и публика, да бидат со полно почитување во склад со спортските начела.
5. Пливачка Федерација на Македонија е единствен официјален орган за пријава и организација за учество на наша репрезентација и поединци на спортски натпревари (интернационален натпревар, припреми, семинар, камп, светско, европско, медитерански игри, универзијада, балканијада, централно европски игри,светски куп,европски куп).
6. Спортисти и членови на репрезентација ќе почитуваат и се адаптираат на сите ангажмани во склад со потребите на Пливачка Федерација на Македонија, кои имаат за цел промоција на пливање, репрезентација на Македонија вклучувајќи и други аспекти за популаризација на пливачки спорт.
7. Обавезно е учество на поединци или репрезентација на свечена церемонија, прогласување победник, со почитување и спортска репрезентативна опрема.
   Неопходно е да се почитува редослед и постапка пред интонирање на химна и доделување на медаљи, пехари (секогаш со лицето свртен према македонско знаме, исправено и со почитување на целокупната церемонија од почеток до крај).

Применување на правила (**КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ**):

1. Сите членови на репрезентација по писмен пат се запознати со оваа спортска политика. Потпис на овој документ подразбира безусловна согласност и почитување на одредби **КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ**.
2. Пливачка Федерација на Македонија ќе ја надгледува примената и почитувањето на овие правила, дали сите аспекти на оваа политика се почитуваат и применуваат во целост, од страна на поединци или на сите членови на репрезентација.
3. Непочитување или кршење на **КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ**, повлекува дисциплинска одговорност како и примена на дисциплински мерки против сите прекршители. Дисциплински мерки можат да бидат:
   а. Откажување учество во репрезентација и враќање дома на трошок на спортист/спортисти.
   б. Дисквалификација на една или повеќе дисциплини во рамки на натпреварот или целиот натпревар.
   в. Дисквалификација во и сите активности во рамките на ПФМ.
   г. Парична казна.

Пливачка Федерација на Македонија
Претседател
Александар Маленко

Јас ________________________________________ активен пливач, репрезентативец, настан или активност која ја организира Пливачка Федерација на Македонија, за која сум избран да учествувам и претставувам Пливачка Федерација на Македонија и Македонија, во потполност ги прифаќам сите правила кои ги воспостави Пливачка Федерација на Македонија, содржани во **КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ** и со својот потпис потврдувам дека во потполност ќе се придржувам кон нив.

Своерачен Потпис

________________________________